# Merlot Single Vineyard Reserva 2005




Ова посебно мерло на Камник се одликува со интензивна рубин-црвена боја  и жива цинобер нијанса. Мирисот е интензивен, созреан и комплексен, потсетува на ситно зрнесто црвено овошје (цреша) во комбинација со  чоколадо (гриоти) и дискретна ванила која потекнува од 28-месечното одлежување во нови американски и француски бурињa од 225 литри.  Виното е екстрактивно со одлична подвижност. Вкусот е полн, хармоничен со одличен баланс, меки, слатки, сомотести танини и долг перзистентен  овошно-карамелен послевкус.

Ова вино се препорачува да се конзумира на  температура од 15-18°C. Најдобро се сложува со специјалитети од месо, особено дивеч со додаток на разни пикантни сосови.

Полнето: Април, 2008

НАГРАДИ:

- Новосадски сајам 2008, Злато